Месечен е-билтен на Секретаријатот за европски прашања
Влада на Република Македонија
Јули 2015

## Одржан 12-от состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија



Советот за стабилизација и асоцијација ги разгледа клучните настани од претходниот период кои се однесуваат на исполнувањето на политичките критериуми. Советот за стабилизација и асоцијација дискутираше за продолжената политичка криза во земјата, како и за сериозните и системски прашања поврзани со владеењето на правото, а во врска со следењето на комуникациите. Го поздрави договорот кој лидерите на четирите главни политички партии го постигнаа на 15 јули, со посредство на Европската унија, за да се стави крај на политичката криза и повика договорот да биде брзо спроведен во добра волја, вклучувајќи ги и итните реформски приоритети за системските прашања од владеењето на правото за кои сите страни се обврзаа.
повеќе

Брисел, 20 јули 2015г.

## Вицепремиерот Бесими на министерски состанок во Луксембург




Не би можел да не ја искористам оваа можност да се заблагодарам за инволвираноста и целата поддршка која Македонија ја доби од страна на Европската Унија, особено на комесарот Хан, во насока на постигнување на договор од страна на политичките партии, со кој се стави крај на политичката криза, која се испречи на патот на европската интеграција на Република Македонија. Владата на Република Македонија со сериозност пристапи кон сите забелешки, препораки и извештаи дадени од страна на ЕУ, конкретно врз основа на нив изготви План со активности за имплементација на итните реформски приоритети, за кој беа консултирани и согласни политичките партии, план кој ги дефинира нашите идни активности во насока на постигнување на резултати - истакна Бесими.  повеќе
24 јули 2015

## Одржан прв состанок на Националниот инвестициски комитет




Националниот инвестициски комитет (НИК) е советодавно тело во кое на транспарентен начин се дискутира за стратешки инфраструктурни проекти, со цел преку експертска размена на мислења на претставниците од македонската страна и меѓународните институции да се постигне поголема координација на сите страни кои се заинтересирани за финансирање на инвестициските проекти во секторите транспорт, енергетика, социјала и животна средина.
повеќе
29 јули 2015

## Спроведување на реформскиот процес

- Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската Унија
- Усвоен новиот закон за општа управна постапка
- Македонија по петти пат рангирана во групата држави ТИЕР 1, согласно најновиот Извештај на Стејт Департментот за трговија со луѓе
- Кампања на Владата на Република Македонија за меѓуетничкиот и меѓурелигискиот соживот

# ИПА Проекти

## Имплементација на Твининг проектот "Зајакнување на институционалните капацитети за процесот на евро-интеграција"

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот:** овозможување на размена на искуства помеѓу институциите корисници на проектот и земјите членки на ЕУ во поглед на интегративниот процес и осигурување ефективна координација на сите активности поврзани со ЕУ , подобрување на усогласувањето со ЕУ законодавството, како и фокусирање на подобро управување со процесот на преведување.
**Вкупна вредност:**1,7 милиони евра
**Имплементиран од:** конзорциум од три земји членки на ЕУ: Германија, Полска и Хрватска
**Клучен корисник:** Секретаријатот за европски прашања
**Останати институции поддржани од проектот:** Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за законодавство и Генералниот Секретаријат.
**Времетраење:**21 месец од јануари 2015 повеќе

Поважни активности реализирани во месец јули:

- Втор Управен Одбор на Твининг Проектот
- Работилница за проценка на недостатоци - Gap assessment
- Работилница -Вовед на модел на ЕУ компетенции
- Работилница - Спроведување на ЕУ легислативата, процес и планирање

## Промовиран нов твининг проект за институционално зајакнување на капацитетите за безбедност на храна, ветеринарната и фитосанитарната политика

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот:** воведување и и споделување на најдобрите пракси ширум ЕУ поврзани со законодавството на ЕУ и посебните потреби на земјата корисник, со цел конечно да се подобри капацитетот на надлежните органи за безбедност на храна и ветеринарна и фитосанитарна политика.
**Вкупна вредност:** 1,35 милиони евра
**Клучни корисници на проектот се:** Агенцијата за храна и ветерина, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фитосанитарната управа, Државниот инспекторат за земјоделство и Државната фитосанитарна лабораторија
**Времетраење:** мај 2015 - ноември 2016 повеќе

## Завршни конференции на проектите:

## "Помош за ИПАРД Агенцијата за подготовка на акредитација за мерката - Инвестиции во руралната инфраструктура"

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот:**Подобрување на ефикасноста и ефективноста на управувањето и спроведувањето на ИПАРД програмата и подготовките на земјата корисник за ефективна имплементација на структурните фондови по пристапувањето.
**Вкупна вредност:** околу 250,000 евра
**Времетраење:** декември 2014 год.- јуни 2015 год.

**Клучни корисници на проектот се:** Министерство за Земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата  за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој  повеќе

**"Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација  на законодавството на ЕУ во сферата на слободното движење на работниците"**

**Финансиран од:** Европска Унија
**Цел на проектот:**Подготвување на националните институции за успешно исполнување на обврските во врска со ефикасното спроведување на законодавство во областа на слобода на движење на работниците.
**Вкупна вредност:**околу1 милион евра
**Време траење:** февруари 2014 до август 2015 год.
**Главни корисници на проектот се:** Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување    повеќе

## Проекти кофинансирани од ЕУ во надлежност на Министерството за транспорт и врски Сектор за Европска Унија


Градежни работи на автопатската делница Демир Капија - Смоквица


Градежни работи на Железничка станица - Скопје

### Тековни проекти во патната инфраструктура:

**Изградба на нова автопатска делница Демир Капија - Смоквица**, на ниво на автопат, во вредност на градежните работи од 210 милиони евра;

**Рехабилитација на автопатната делница Велес-Катланово**, како дел од Коридорот 10, во вредност на градежни работи од 5,7 милиони евра,

**Подготовка на Студија и Акциски план за подобрување на безбедноста по автопатските коридори** во вредност од 0,14 милиони евра;

### Тековни проекти во железничката инфраструктура:

**Рехабилитација и надградба на железничката станица во Скопје,** во вредност од 2,2 милиони евра;

**Ремонт со реконструкција на делницата Битола - Кременица**, како дел од кракот 10д, од коридорот 10, во вредност на градежните работи од 18,9 милиони евра;

**Подготовка на основен проект и тендерска документација за изградба и надзор на нова железничка делница Кичево-граница со Р. Албанија,** како дел од Коридор 8 во вредност од 7,7

**Рехабилитација и надградба на автопатната делница Смоквица-Гевгелија**, како дел од Коридорот 10 во вредност од 4,1, милиони евра.

милиони евра;

**Рехабилитација, надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот 10 и кракот 10Д**, според најдобрите практики во ЕУ во вредност од 1,9 милиони евра.

## "Европа во мојот регион", фотографски натпревар- Европска Комисија

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

## Вести од ЕУ

- Приоритетите на луксембуршкото претседателство се разговараа од страна на комитетите на Европскиот парламент
- Отпочнување на инвестициите; менување на Механизамот за финансиска стабилизација; поддршка на работниците и бегалците
- Нов почеток за раст и вработување во Грција: Комисијата мобилизира повеќе од 35 милијарди евра од буџетот на ЕУ
- Заклучоци на Советот за миграцијата

## Дали сте знаеле дека...?

- Од 2007 година, годишната филмска награда LUX на Европскиот парламент го става центарот на вниманието на филмовите кои одат на европска јавна дебата
- 7 милиони луѓе се вработени од страна на европските културни и креативни индустрии
- Европа е позависна од увоз на ресурси од било кој друг регион во светот

## Позначајни меѓународни датуми

- 12 август- Меѓународниот ден на младите
- 19 август Светски ден на хуманитарноста
- 29 август Меѓународниот ден против нуклеарните проби

***Ви благодариме***